# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН








**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

11 - 17 февруари 2019 Билтен бр. 308

# КАРПОШ ВО АКЦИЈА:
# РАСЧИСТЕНА ДЕПОНИЈА ОД ГУМИ ЗА ГРЕЕЊЕ

Комуналните служби на Општина Карпош денеска исчистија нова дива депонија на територија на Карпош, во областа Горно Нерези. Запленето е поголемо количество на гуми и е спречено истите да завршат во некое од домаќинствата како огревен материјал.

Една од главните причини за аерозагадувањето е начинот на греење на домаќинствата, а анализите покажуваат дека голем број на домови се греат токму на отпадни гуми. Ваквиот начин на загревање е еден од главните загадувачи на воздухот, иако се идентификувани и други несоодветни отпадни суровини кои алтернативно се користат за затоплување во индивидуалното домување.

Нашите инспектори се постојано на терен во контрола и обид за спречување на употребата на ваквите штетни емитери на опасни честички во воздухот.





# РАСЧИСТЕНА ДИВА ДЕПОНИЈА НА БУЛ. „8 СЕПТЕМВРИ“

Комуналните служби на Општина Карпош во континуитет работат на отстранување на новонастанати депонии од отпад на своја територија. Така вчера исчистија уште една дива депонија, долж булеварот „8 – ми Септември“, во Тафталице 1.

По пријава на повеќе граѓани и Здружението на граѓани – Македонски центар за одржлив развој и конкурентност – Скопје (МЦОРК), хигиеничарите отстранија поголемо количесто на пластика, стакло и друг вид отпад.

Општина Карпош продолжува со секојдневната грижа за животната средина и расчистување на диви депонии по јавните површини.





# СООПШТЕНИЕ: ГРАДИНКАТА „ВИНОЖИТО“ ВО БАРДОВЦИ НАСКОРО ЗАПОЧНУВА СО РАБОТА

Почитувани сограѓани и драги родители,
Ве известуваме дека градинката ,,Виножито“ на ул. Новопроектирана Собирна улица, бр.13 во населбата Бардовци, Општина Карпош, се подготвува за отпочнување со работа. Од тие причини во тек е прием на деца.
Родителите можат да ги добијат сите информации во ЈОУДГ ,,Распеана Младост“ (матичен објект) на ул. ,,Руѓер Бошковиќ, бр.6“ во населбата Карпош 1 од 08:00 до 15:00 часот.
Исто така, информациите ќе ги добијат и во новиот објект ,,Виножито“ во Бардовци, секој работен ден од понеделник до петок од 08:00 до 12:00 часот.
Телефон за контакт: 02 3068 781



